# Јазикот и стилот на љубовните епиграми на Агатхија Сколастик
## (резиме на докторска дисертација)

Димитар Илиев
Катедра за класична филологија
Универзитет во Софија, Бугарија
dimitar.illiev@gmail.com

*Клучни зборови: стилистичка анализа, грчка поетика, корпуси со текстови, електронски извори, лингвистика*

Предмети на обработка на оваа теза се епиграмите на доцноантичкиот и рановизантискиот автор Агатхија Сколастик (VI в.н.е.). Целта на истражувањето е поставување врска меѓу лингвистичките појави што се среќаваат во овие дела и нивната возможна стилистичка вредност. За постигнувањето на оваа цел ги анализираме љубовните песни зачувани како дел од петтата книга на тнр. *Anthologia Graeca*. Од сите нив е оформен корпус на избрани дела кој служи како предмет на извршената од нас нова методологија на стилистичка анализа.

Првата работа со која се зафативме е дефинирањето на стилот. За проблемот се расправа во првото поглавје на тезата при што се предлага една општа методологија која подоцна ќе се примени при специфичните анализи на поединечните епиграми. Поглавјето започнува со прегледот на некои антички и современи теории за стилот. Нашето внимание е фокусирано на Аристотеловата *Поетика,* на доцноантичкиот концепт на *мимесис* како подражавање на старите, на стилистичките учења на Фослер (Vossler), Бaји (Bailly), Прашката школа, структуралистите, Американската прагматика и британските теории на актите на говорот и лингвистичките регистри. Покрај критичкиот преглед на сите овие учења, се појавува базата за сопствена дефиниција: 1) стилот е поскоро длабоко вкоренет во лингвистичките елементи, одошто да биде надворешно-лингвистичка категорија дополнително применета во текстовите и говорите; 2) стилот е предмет на (некој вид) избор.

По истражувањето на разните видови лингвистички избор (граматички избор, семантички избор), доаѓаме до заклучокот дека стилистичкиот избор не е одделен, туку обликува едно единство со нив. Поаѓајќи од нашата сопствена дефиниција, стилот е севкупност од информации што се содржат во еден говор надвор од неговата формална граматика и неговата логичка вредност. Тој е неделлив од обете нив, но е разбран одделно од страна на адресатот.

Така се појавува прашањето како може да биде анализиран стилот. Тука е земен предвид пристапот на Енквист, според кој еден текст или корпус од текстови може да биде истражуван колкавосно во споредба со подлогата на друг корпус текстови што ќе му послужи како норма. Како наша норма одбравме да ни послужи електронскиот корпус од текстови *Thesaurus Linguae Graecae (TLG)®*. Лингвистичките нивоа, што можеа да бидат најдобро анализирани во нашиот случај, се морфолошките (заедно со морфофонемските и морфосинтактичките) и лексичките. Најмалите лингвистички единици за анализа се одделните зборовни форми, прво вреднувани во *надворешниот контекст* на целата грчка книжевност според TLG, а потоа истражени според нивната улога во *внатрешниот контекст*, т.е. во лингвистичката средина на поединечниот епиграм.

По определувањето на надворешниот и внатрешниот контекст, кусото второ поглавје се задржува на поширокиот надворешен контекст во кој биле создавани таквите епиграми. Тоа прво се фокусира на видот епиграм во грчката традиција, со неговите специфични одлики како на пр., концизност, духовита збиеност и радиусот на дејствување на субјектот според ситуацијата и посебно земено. Натаму накусо е претставена и личноста на авторот, неговите вкусови и наклонетости.

Во третото поглавје општите поставки од првото поглавје се применети на поединечни случаи на одбрани поединечни љубовни епиграми. Анализата на стилот е двострана. Од една страна, се интересираме за начинот на кој Агатхија направил избор од лингвистички единици од поранешната традиција или ги создал самиот за да обликува еден стилизиран израз (генеза на стилот). Од друга страна, го земаме предвид крајниот резултат од овој избор и ефектите што ги имал врз публиката, онолку колку што може да ги реконструираме (функционирање на стилот).

Двете компоненти на анализа се занимаваат со стилистичка генеза. Тоа се рубриките *композиција, извори и варијација* и *избор на одделни зборови и изрази*. Првата се занимава со подготвените метрички формули, примероци и изрази позајмени од страна на Агатхија од поранешната традиција и со начините на кои тој постигнал неочекувани ефекти преку варијација или јукстапозиција на такви позајмени метрички урнеци. Втората рубрика ги истражува разните зборови или изрази, без оглед на тоа дали се позајмени или создадени од Агатхија, и кои не се употребени во врска со потребите или барањата од метарот. Обете овие компоненти на анализа на лингвистичката генеза во голема мерка се потпираат врз истражувањата во датабазата на TLG.

Другата страна од стилот на Агатхија, имено, неговото функционирање и неговите ефекти на читателите, зависи од резултатите на претходната анализа. Првото од нив, *класификација на лингвистичките единици*, сите зборовни форми во дадениот специфичен епиграм ги дели на шест категории зависно од неколку фактори: дали обликот бил разбран како поетски или прозен; дали бил прифатен како обичен или како специфичен за определен автор или вид; дали бил лесно приемчив на прв поглед/слушање. Категориите се следниве:

1) Зборови и изрази карактеристични за традицијата на општ книжевен јазик и за поезијата и за прозата.

2) Зборови и изрази карактеристични претежно за поетската традиција.

3) Зборови и изрази карактеристични за посебни автори и / или видови:

3а) директни цитати, парафрази и алузии;

3б) појави типични за поезијата на Агатхија или поезијата од доцнешната антика општо земено;

3б) појави типични за коинѐ и за доцнешната проза;

4) Неологизми исковани од Агатхија:

4а) од познати корени и на препознатлив начин;

4б) од непознати зборови и / или на непрепознатлив начин;

5) Општи и познати зборови и изрази употребени од Агатхија на специфичен и атипичен начин;

6) Ретки и непознати зборови и изрази кои бараат голема ерудиција од страна на читателот или употреба на речник.

Некои постапки вклучени во класификацијата според оваа рубрика се хипотетички, но нашата цел е да дојдеме до што е можно поточни резултати користејќи ги статистичките податоци од изведените пребарувања на датабазата на TLG, како и земајќи ги предвид разните одредби широко обработени во првото поглавје и на почетокот од третото поглавје. Додека претходните рубрики ги користеа резултатите од датабазата на TLG за да се постави потеклото на разните лингвистички одлики што се среќаваат во епиграмите на Агатхија, *класификацијата* ја проучува распределбата на овие одлики низ грчката книжевност, за да ги определи возможните лингвистички регистри во кои тие можеле да бидат класифицирани од страна на публиката. Но ваков вид реконструирана класификација не е самиот по себеси доволен за стилистичкото вреднување на лингвистичките единици. Општо земено, единиците што ги ставаме под категорија 1 ги сметаме за најмалку стилистички обележани, додека единиците од категоријата 6 се сметаат за најсилни обележувачи. Но исто така забележителен ефект на публиката бил веројатно предизвикуван и преку јукстапозицијата на така класифицираните примероци во состав на епиграмот. Последната рубрика на стилистичката анализа, *Распределување на стилистичките обележувачи во внатрешниот контекст на епиграмот* е едно внатрешно длабинско истражување на ваквите јукстапозиции.

На овој начин елементите од стилистичката анализа се севкупно четири. На почетокот од секоја „студија на случајот“ се додава и петти елемент кој се занимава со надворешниот контекст на соодветното дело: условите во кои било создадено, ако се познати, неговиот сооднос кон други теми и дела итн. Тука исто така се расправа за општата структура на анализираниот епиграм. Овој елемент спаѓа во рубриката *Предмет и структура.* На тој начин избор од епиграми се анализира во 5 рубрики.

Општите заклучоци од истражувањето кои следуваат по анализите на посебните дела исто така ја потцртуваат двостраноста на предметот. Од една страна, тие се задржуваат на главните извори што ги користел Агатхија (Нонус, епиграмската традиција, Хомер, Квинтус од Смирна, Грегориј Назијански итн.) и начинот на кој тој ги применува според своите потреби. Од друга страна, тие тежнеат кон определувањето на општиот впечаток за разликувањето на индивидуалниот стил на Агатхија наспроти подлогата на генерички функционалниот стил на епиграмот. Главните одлики на овој индивидуален

стил се сериозноста, посебниот вкус за раскажување и обликување карактери (*ethopoeia*), претерано архаизирање итн. На овој начин нашата анализа го потврдува преодното место на Агатхија меѓу два периода во развојот на грчката книжевност и овозможува поголемо разбирање на промените и модификациите на естетските, книжевните и јазичните критериуми во периодот на преминот од Антиката во Средниот век.